Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЛЕКОВИ**

1. За директор на Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство, се именува Ромил Санџакоски, дипл. фармацевт.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4749/1 Претседател на Владата
20 декември 2004 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски** с.р.

---

**1779.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97, 23/99 и 74/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАТВОРОТ СКОПЈЕ СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА**

1. Мухедин Брава се разрешува од функцијата заменик на директорот на Затворот Скопје со Отворено одделение во Крива Паланка, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4750/1
20 декември 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски** с.р.

**1780.**

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/97, 23/99 и 74/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАТВОРОТ СКОПЈЕ СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

1. За заменик на директорот на Затворот Скопје со Отворено одделение во Крива Паланка се именува Енвер Барди.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4751/1
20 декември 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски** с.р.

**1781.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. За заменик на директорот на Државниот завод за статистика се именува Мухедин Брава, дипл. социјален работник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4752/1
20 декември 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски** с.р.

**1782.**

Врз основа на член 20 став 5 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96, 40/99, 96/00 и 29/02) и член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2004 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2004 ГОДИНА

I. Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионални патишта во Република Македонија за 2004 година, бр. 23-274/1 од 23.02.2004, објавена во “Службен весник на РМ“ бр. 9/2004, се вршат следните измени:

| ПРИХОДИ | Програма | Ребаланс |
|---|---|---|
| 1. Трансфери од Буџетот на Република Македонија (делот од акцизата од деривати од нафта) | 1.610.000.000 | 1.610.000.000 |
| 2. Надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подлежат на годишна регистрација | 850.000.000 | 870.000.000 |
| 3. Надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) што ја плаќаат странските моторни и приклучни возила | 90.000.000 | 75.000.000 |
| 4. Надоместок за употреба на автопат или магистрален пат и нивен дел или објект на патот (автопатска такса) | 850.000.000 | 750.000.000 |
| 5. Други приходи | 10.000.000 | 10.000.000 |
| **Вкупно I** | **3.410.000.000** | **3.315.000.000** |
| 6. Странски кредити | | |
| - ЕИБ | 915.000.000 | 915.000.000 |
| - Светска банка | 305.000.000 | 455.000.000 |
| - ЕБРД | 732.000.000 | 478.000.000 |
| - Грант | 15.000.000 | - |
| **Вкупно II** | **1.967.000.000** | **1.848.000.000** |
| **Вкупно приходи I + II** | **5.377.000.000** | **5.163.000.000** |

РАСХОДИ

Расходите во висина на приходите од 5.163.000.000 денари ќе се користат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| **1. Инвестиции од странски кредити** | **1.673.000.000** | **1.308.000.000** |
| - Обиколница на Скопје I фаза 13,5км | 793.000.000 | 560.000.000 |
| - Обиколница на Скопје II фаза 12км | 488.000.000 | 420.000.000 |
| - Смоквица-Гевгелија | 244.000.000 | 180.000.000 |
| - Доврвшување на Е-75, делница Стоби-Неготино | 91.500.000 | 91.500.000 |
| - Завршни работи на делницата од автопатот Скопје-Групчин | 30.500.000 | 30.500.000 |
| - Завршни работи на делницата од автопатот Групчин-Тетово | 26.000.000 | 26.000.000 |
| **2. Пилот-програма за алтернативни технологии за одржување и трошоци за консултантски услуги и набавка на опрема од кредитот од Светска банка** | **279.000.000** | **279.000.000** |
| - Пилот програма за алтернативни технологии за одржување | 235.000.000 | 235.000.000 |
| Пакет 1 (Битола-Прилеп, Тетово-Вратница 5.0км, Гостивар-Стража) | | |
| Пакет 2 (Охрид-Ресен, Тетово-Вратница 10.0км, Штип-Кочани) | | |
| - набавка на опрема | 30.500.000 | 30.500.000 |
| - трошоци за консултантски услуги и обука | 13.500.000 | 13.500.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Сопствено учество во инвестициите со странски кредити** | **393.300.000** | **327.200.000** |
| - Обиколница на Скопје I фаза 13,5км | 142.740.000 | 100.800.000 |
| - Обиколница на Скопје II фаза 12км | 87.840.000 | 75.600.000 |
| - Смоквица - Гевгелија | 43.920.000 | 32.000.000 |
| - Автопат Стоби - Неготино | 16.470.000 | 16.470.000 |
| - Завршни работи на делницата од автопатот Скопје - Групчин | 5.490.000 | 5.490.000 |
| - Завршни работи на делницата од автопатот Групчин - Тетово | 9.100.000 | 9.100.000 |
| - Пилот програма за алтернативни технологии за одржување | 82.250.000 | 82.250.000 |
| Пакет 1 (Битола-Прилеп, Тетово-Вратница 5.0км, Гостивар-Стража) | | |
| Пакет 2 (Охрид-Ресен, Тетово-Вратница 10.0км, Штип-Кочани) | | |
| - набавка на опрема | 5.490.000 | 5.490.000 |
| **4. Инвестиции со сопствени средства** | **359.200.000** | **622.000.000** |
| - Градежни работи | 95.000.000 | 203.000.000 |
| - ДоврШување на обиколница на Тетово | 10.000.000 | 70.000.000 |
| - III лента на Плетвар | 10.000.000 | 20.000.000 |
| - Радовиш - Струмица | 40.000.000 | 40.000.000 |
| - Мислодежда - Д. Татеши (Р-419) | 10.000.000 | 13.000.000 |
| - Поддршка за проекти во кризните региони | 10.000.000 | 10.000.000 |
| - Непредвидени работи | 15.000.000 | 50.000.000 |
| **Експропријација:** | **264.200.000** | **419.000.000** |
| - Обиколница на Скопје I фаза Хиподром-Оризари | 145.000.000 | 220.000.000 |
| - Обиколница на Скопје II фаза Оризари-Сарај | 112.200.000 | 180.000.000 |
| Неготино - Демир Капија | 2.000.000 | 4.000.000 |
| - други делници | 5.000.000 | 15.000.000 |
| **5. Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии, материјални и други трошоци** | **150.000.000** | **164.300.000** |
| - Подготовка на проекти и физибилити студии | 50.697.000 | 40.000.000 |
| - Надзор на изградба на патишта | 18.658.000 | 40.000.000 |
| - Банкарски провизии и провизии за наплата на надоместоци за патишта | 35.300.000 | 35.300.300 |
| - Материјални и други трошоци и услуги | 45.345.000 | 49.000.000 |
| **6. Одржување на патишта** | **1.000.000.000** | **1.000.000.000** |
| **7. Средства за локални патишта и улици** | **607.500.000** | **607.500.000** |
| **8. Отплата на кредити** | **720.000.000** | **660.000.000** |
| - Отплата на главница | 390.000.000 | 410.000.000 |
| - Отплата на камата | 330.000.000 | 250.000.000 |
| **9. Пренесени обврски од претходни години** | **150.000.000** | **150.000.000** |
| - Доспеани обврски по основ на меѓународни финансиски организации (АСБ) | 150.000.000 | 150.000.000 |
| **10. Средства за одржување на патни премини преку железнички линии** | **45.000.000** | **45.000.000** |
| **Вкупно расходи:** | **5.377.000.000** | **5.163.000.000** |

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4650/1 Претседател на Владата
26 декември 2004 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**1783.**

Врз основа на членот 66 став 2, членот 229 став 2 и членот 230 став 5 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 47/02, 42/03 и 9/04), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесува

## П Р А В И Л Н И К ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ЗАШТИТА НА МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВОДИ

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува постапката за издавање дополнителен сертификат за заштита на медицински производи.

**Дефиниции**

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. “Медицински производ” е која било супстанција или комбинација на супстанции во фармацевтска дозажна форма наменети за лекување, дијагностицирање или спречување на болести, односно за отстранување, корегирање или модифицирање на физиолошките функции кај луѓето или животните;

2. “Производ” е фармаколошки активна состојка или комбинација од активни состојки на медицинскиот производ;

3. “Основен патент” е патент доделен за кој било производ од точката 2 на овој став, вклучително и постапката за производство на производот или неговата употреба, што е назначен во постапката за издавање сертификат;

4. “Сертификат” е дополнителен сертификат за заштита во смисла на членот 66 од Законот за индустриската сопственост (во натамошниот текст: Закон);

5. “Париска унија“ е унија заснована на Парискатa конвенција;

6. “Светска трговска организација“ е меѓународна организација создадена со Маракешката спогодба (во натамошниот текст: СТО).

### II. ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ

**Барања за издавање на сертификатот**

Член 3

(1) Сертификат се издава доколку на денот на поднесување на барањето во Република Македонија:

1. постои важечки основен патент за производот;

2. производот е ставен во промет врз основа на одобрение издадено со законот кој го уредува ставањето на лековите во промет;

3. производот не бил претходно предмет на сертификат или не постои претходно издаден сертификат за истиот производ како медицински производ;

4. одобрението од точката 2 од овој член е прво одобрение за ставање на производот во промет во Република Македонија како медицински производ.

**Предмет на заштита**

Член 4

(1) Заштитата за издаден сертификат се однесува само на производот заштитен со основниот патент за кој постои одобрение за ставање во промет и за која било употреба на медицински производ одобрена пред истекот на сертификатот.

(2) Правото од издаден сертификат е идентично со правото од основниот патент и подлежи на истите ограничувања и обврски како и основниот патент.

## III. СУБЈЕКТИ НА ПРАВОТО ОД СЕРТИФИКАТОТ И ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**Субјекти на правото**

Член 5

(1) Субјекти на правото од сертификатот се носителот на основниот патент или неговиот правен следбеник.

(2) Доколку постојат повеќе носители на основниот патент, постапка за издавање на сертификатот може да поведе заедничкиот претставник или било кој од носителите по претходна согласност на другите носители или нивните правни следбеници.

**Поведување на постапката**

Член 6

(1) Постапката за издавање на сертификатот се поведува со поднесување барање за издавање на сертификатот до Државниот завод за индустриска сопственост (во понатамошниот текст: Завод).

(2) Барање за издавање на сертификатот се поднесува во рок од 6 месеци од датумот кога било издадено првото одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија или во рок од 6 месеци од датумот на признавањето на основниот патент доколку одобрението да се стави производот во промет е издадено пред признавањето на основниот патент.

## IV. СОДРЖИНА И ФОРМА НА БАРАЊЕТО И ДРУГИТЕ ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО

**Содржина и форма на барањето**

Член 7

(1) Барањето од членот 6 став 1 од овој правилник содржи:

1. образец ДЗИС – П6 на А4 формат, во три примероци;

2. доказ за платена соодветна такса за барањето;

3. овластување на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.

(2) Образецот ДЗИС-П6 е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесуваат и други прилози од членот 9 на овој правилник.

**Содржина на образецот**

Член 8

(1) Образецот ДЗИС-П6 за издавање на сертификат содржи:

1. број на барањето што го пополнува Заводот;

2. адреса за кореспонденција односно адреса на живеалиштето на подносителот на барањето или на неговиот застапник, или на заедничкиот претставник доколку има повеќе подносители на пријавата, и при тоа да се наведе бројот на телефонот, факсот или mail адресата;

3. податоци за подносителот на барањето, презиме, име и адреса за физички лица, или фирма и седиште за правни лица; доколку постојат повеќе подносители потребно е да се достави писмена изјава за заедничкиот претставник;

4. податоци за застапникот, ако пријавата е поднесена преку застапник, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;

5. назив на производот за кој се бара заштита односно назначување на активната супстанција или компонента и доколку е можно да се наведе нејзината структурна формула, хемиско име и/или генеричко име;

6. назначување дека се бара издавање на сертификат со наведување на бројот на патентот, назив на патентот, датум на признавањето и датум на истекување на важноста;

7. број и датум на одобрението за ставање во промет на производот во Република Македонија;

8. наведување на податоците за првото одобрение за ставање во промет на производот, со назначување на државата, бројот и датумот на издавањето, производот и законската одредба според која е издадено;

9. назначување на приложената документација;

10. доколку се поднесува и друга документација потребно е тоа да се наведе.

(2) Ако предвидениот простор во односната рубрика на образецот ДЗИС-П6 не е доволен, бараниот податок се приложува како посебен додаток кон образецот ДЗИС-П6 со полната содржина и при тоа се повикува на бројот на рубриката на која се однесува додатокот.

**Други прилози кон барањето**

Член 9

(1) Други прилози се:

1. одобрението за ставање во промет во Република Македонија на производот од членот 2 став (1) точка 2 на овој правилник;

2. заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет во која било земја членка на Париската унија или СТО, ако одобрението од точката 1 од овој став не е прво одобрение за ставање во промет;

3. превод од објавата од точка 2 на овој став на македонски јазик.

(2) Прилозите од ставот 1 на овој член треба да содржат потпис и печат на подносителот на пријавата, односно на застапникот ако пријавата се поднесува преку застапник.

## V. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ

**Формално испитување**

Член 10

(1) Во постапката на формално испитување Заводот испитува:

1. дали барањето ги содржи елементите од членот 7 став 1 на овој правилник;

2. дали барањето е поднесено во рокот од членот 6 став 2 на овој правилник;

3. дали се доставени прилозите од членот 9 на овој правилник.

(2) Ако барањето е поднесено во согласност со ставот 1 на овој член, Заводот ќе го повика подносителот во рок што не може да биде подолг од 60 дена, сметајќи од денот на приемот на повикот, да ги отстрани утврдените недостатоци.

(3) На образложено барање на подносителот на барањето, рокот од ставот 2 на овој член може од оправдани причини да се продолжи најмногу за уште 60 дена.

(4) Ако подносителот на барањето во определениот рок не ги отстрани недостатоците од ставот 2 на овој член, Заводот ќе го отфрли барањето.

**Постапка на испитување**

Член 11

(1) Во постапката на испитување за издавање сертификат Заводот испитува дали на денот на поднесување на барањето биле исполнети барањата за издавање сертификат предвидени во членот 3 на овој правилник.

**Одобрување на барањето**

Член 12

(1) Ако Заводот утврди дека се исполнети барањата од членот 3 на овој правилник, ќе го повика подносителот во рок од 30 дена да ги плати пропишаните трошоци за објавување на податоците од сертификатот во гласилото на Заводот и таксата за одржување во важност.

(2) Ако подносителот не ги плати трошоците од ставот (1) на овој член, Заводот ќе го отфрли барањето.

(3) Ако подносителот на барањето во определениот рок ги плати трошоците и таксите од ставот 1 на овој член, Заводот ќе издаде сертификат согласно Законот.

**Одбивање на барањето**

Член 13

(1) Ако се утврди дека не се исполнети барањата предвидени во членот 3 на овој правилник или доколку барањето не е поднесено од лице предвидено во членот 5 од овој правилник, Заводот, по писмен пат, го известува подносителот на барањето за причините поради кои не може да се издаде сертификат и го повикува во определен рок што не може да биде подолг од 6 месеци да се изјасни за тие причини.

(2) Доколку подносителот на барањето не се изјасни во определениот рок, Заводот ќе го одбие барањето.

**Траење на сертификатот**

Член 14

(1) Сертификатот од членот 66 став 1 од Законот важи од истекот на законскиот период на траење на основниот патент за период, еднаков на времето што поминало од датумот на поднесување на пријавата за основен патент и датумот на добиеното одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија намален за пет години.

**Влегување во сила**

Член 15

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

23 декември 2004 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ**

Пополнува Заводот

| |
|---|
| *Дата на поднесување* |
| *Деловоден број* |
| *Број на барањето* ________ |

**БАРАЊЕ**

**за издавање на дополнителен сертификат за заштита на медицински производи**

*(да се пополни со машина за пишување)*

**1. Адреса за кореспонденција:**

*Тел.:* *Факс:* *e-mail:*

**2. Податоци за подносителот на барањето** *(презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице):*

☐ **Постојат повеќе подносители**

☐ **Изјава за заеднички претставник**

**3. Застапник:**

*Регистарски број:*

**4. Назив на производот за кој се бара издавање на сертификат** *(активна субстанција или компоненти, структурна формула, хемиско име и/или генеричко име):*

**5. Податоци за основниот патент:**

**- Назив на пронајдокот**

| Регистарски број на патентот и број на пријавата | Датум на признавање | Датум на престанок на важноста |
|---|---|---|
| | | |

**6. Одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија:**

**Број** ____________ **Датум** ____________

**7. Податоци за првото одобрение за ставање во промет на производот**

| Држава | Број на одобрение | Датум на издавање |
|---|---|---|
| | | |

**об. ДЗИС П-6** **1**

**9. Прилози кои барањето:**

- [ ] одобрение за ставање во промет во Република Македонија
- [ ] заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет
- [ ] превод на објавата на првото одобрение на македонски јазик
- [ ] полномошно на застапникот
- [ ] изјава за заеднички претставник
- [ ] доказ за платена такса за барањето

Потпис и печат

**2**

Потпис и печат
на Заводот

---

**1784.**

Врз основа на членот 66 став 2, членот 229 став 2 и членот 230 став 5 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 47/02, 42/03 и 9/04), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесува

# П Р А В И Л Н И К ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува постапката за издавање дополнителен сертификат за заштита на производите за заштита на растенијата.

**Дефиниции**

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. „производи за заштита на растенија“ се активни супстанции и препарати што содржат една или повеќе активни супстанции во форма во која му се доставуваат на корисникот, наменети за:

- заштитување на растенија или растителни производи од сите штетни организми или за спречување на дејството на таквите организми, доколку таквите супстанции или препарати не се поинаку дефинирани подолу;

- влијание врз животниот процес на растенија, а притоа немаат својство на хранлива состојка (на пример, регулатори на растот на растенијата);

- зачувување на растителните производи;

- уништување непожелни растенија; или

- уништување делови од растенија, ограничување или спречување непожелно растење на растенијата;

2. „супстанции“ се хемиски елементи и нивни соединенија, кои може да се јават во природна или преработена форма, вклучително секаква примеса што неизбежно е резултат на производствениот процес;

3. „активни супстанции“ се супстанции или микроорганизми, вклучително и вируси, кои имаат општо или посебно дејство против штетни организми или врз растенијата, делови од растенијата или растителни производи;

4. „препарати“ се смеси или раствори составени од две или повеќе супстанции, од кои најмалку едната е активна супстанција, наменети за употреба како производ за заштита на растенија;

5. „растенија“ се живи растенија или живи делови од растенија, вклучително и свежо овошје и семиња;

6. „растителни производи“ се производи во непреработена состојба или кои претрпеле едноставна подготовка: мелење, сушење или пресување, но со исклучок на самите растенија како што се дефинирани во точката 5;

7. „штетни организми“ се штетници на растенијата или растителни производи кои припаѓаат на царството на животните или растенијата, а исто така и вируси, бактерии и микоплазми и други патогени агенси;

8. „производ” е активната супстанција дефинирана во точката 3 или комбинација на активни супстанции на производ за заштита на растенија;

9. „основен патент“ е патент доделен за кој било производ како таков дефиниран во точката 8, препарат како што е дефиниран во точка 4, вклучително и постапка за производство на производ или неговата употреба, назначен во постапката за издавање сертификат;

10. “Сертификат” е дополнителен сертификат за заштита во смисла на членот 66 од Законот за индустриската сопственост (во натамошниот текст: Закон);

11. “Париска унија“ е унија заснована на Париската конвенција;

12. “Светска трговска организација“ е меѓународна организација создадена со Маракешката спогодба (во натамошниот текст: СТО).

## II. ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ

**Барања за издавање на сертификатот**

Член 3

(1) Сертификат се издава доколку на денот на поднесување на барањето во Република Македонија:

1. постои важечки основен патент за производот;

2. производот е ставен во промет врз основа на одобрение издадено со законот кој го уредува ставањето на производите за заштита на растенијата во промет;

3. производот не бил претходно предмет на сертификат или не постои претходно издаден сертификат за истиот производ како производ за заштита на растенија;

4. одобрението од точката 2 од овој член е прво одобрение за ставање на производот во промет во Република Македонија како производ за заштита на растенија.

**Предмет на заштита**

Член 4

(1) Заштитата за издаден сертификат се однесува само на производот заштитен со основниот патент за кој постои одобрение за ставање во промет и за која било употреба на производ за заштита на растенија одобрена пред истекот на сертификатот.

(2) Правото од издаден сертификат е идентично со правото од основниот патент и подлежи на истите ограничувања и обврски како и основниот патент.

## III. СУБЈЕКТИ НА ПРАВОТО ОД СЕРТИФИКАТОТ И ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**Субјекти на правото**

Член 5

(1) Субјекти на правото од сертификатот се носителот на основниот патент или неговиот правен следбеник.

(2) Доколку постојат повеќе носители на основниот патент, постапка за издавање на сертификатот може да поведе заедничкиот претставник или било кој од носителите по претходна согласност на другите носители или нивните правни следбеници.

**Поведување на постапката**

Член 6

(1) Постапката за издавање од сертификатот се поведува со поднесување барање за издавање на сертификатот до Државниот завод за индустриска сопственост (во понатамошниот текст: Завод).

(2) Барање за издавање на сертификатот се поднесува во рок од 6 месеци од датумот кога било издадено првото одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија или во рок од 6 месеци од датумот на признавањето на основниот патент доколку одобрението да се стави производот во промет е издадено пред признавањето на основниот патент.

## IV. СОДРЖИНА И ФОРМА НА БАРАЊЕТО И ДРУГИТЕ ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО

**Содржина и форма на барањето**

Член 7

(1) Барањето од членот 6 став 1 од овој правилник содржи:

1. образец ДЗИС – П7 на А4 формат, во три примероци;
2. доказ за платена соодветна такса за барањето;
3. овластување на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.

(2) Образецот ДЗИС-П7 е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесуваат и други прилози од членот 9 на овој правилник.

**Содржина на образецот**

Член 8

(1) Образецот ДЗИС-П7 за издавање на сертификат содржи:

1. број на барањето што го пополнува Заводот;
2. адреса за кореспонденција односно адреса на живеалиштето на подносителот на барањето или на неговиот застапник, или на заедничкиот претставник доколку има повеќе подносители на пријавата, и при тоа да се наведе бројот на телефонот, факсот или mail адресата;
3. податоци за подносителот на барањето, презиме, име и адреса за физички лица, или фирма и седиште за правни лица; доколку постојат повеќе подносители потребно е да се достави писмена изјава за заедничкиот претставник;
4. податоци за застапникот, ако пријавата е поднесена преку застапник, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;
5. назив на производот за кој се бара заштита односно назначување на активната супстанција или компонента и доколку е можно да се наведе нејзината структурна формула, хемиско име и/или генеричко име;
6. назначување дека се бара издавање на сертификат со наведување на бројот на патентот, назив на патентот, датум на признавањето и датум на истекување на важноста;
7. број и датум на одобрението за ставање во промет на производот во Република Македонија;
8. наведување на податоците за првото одобрение за ставање во промет на производот, со назначување на државата, бројот и датумот на издавањето, производот и законската одредба според која е издадено;
9. назначување на приложената документација;
10. доколку се поднесува и друга документација потребно е тоа да се наведе.

(2) Ако предвидениот простор во односната рубрика на образецот ДЗИС-П7 не е доволен, бараниот податок се приложува како посебен додаток кон образецот ДЗИС-П7 со полната содржина и при тоа се повикува на бројот на рубриката на која се однесува додатокот.

**Други прилози кон барањето**

Член 9

(1) Други прилози се:

1. одобрение за ставање во промет во Република Македонија на производот од членот 2 став (1) точка 8 на овој правилник;
2. заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет издадено во која било земја членка на Парискаta унија или СТО, ако одобрението од точка 1 од овој став не е првото одобрение за ставање во промет;
3. превод од објавата од точка 2 на овој став на македонски јазик.

(2) Прилозите од ставот 1 на овој член треба да содржат потпис и печат на подносителот на пријавата, односно на застапникот ако пријавата се поднесува преку застапник.

## V. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ

**Формално испитување**

Член 10

(1) Во постапката на формално испитување Заводот испитува:

1. дали барањето ги содржи елементите од членот 7 став 1 на овој правилник;
2. дали барањето е поднесено во рокот од членот 6 став 2 на овој правилник;
3. дали се доставени прилозите од членот 9 на овој правилник.

(2) Ако барањето е поднесено во согласност со ставот 1 на овој член, Заводот ќе го повика подносителот во рок што не може да биде подолг од 60 дена, сметајќи од денот на приемот на повикот, да ги отстрани утврдените недостатоци.

(3) На образложено барање на подносителот на барањето, рокот од ставот 2 на овој член може од оправдани причини да се продолжи најмногу за уште 60 дена.

(4) Ако подносителот на барањето во определениот рок не ги отстрани недостатоците од ставот 2 на овој член, Заводот ќе го отфрли барањето.

**Постапка на испитување**

Член 11

(1) Во постапката на испитување за издавање сертификат Заводот испитува дали на денот на поднесување на барањето биле исполнети барањата за издавање сертификат предвидени во членот 3 на овој правилник.

**Одобрување на барањето**

Член 12

(1) Ако Заводот утврди дека се исполнети барањата од членот 3 на овој правилник, ќе го повика подносителот во рок од 30 дена да ги плати пропишаните трошоци за објавување на податоците од сертификатот во гласилото на Заводот и таксата за одржување во важност.

(2) Ако подносителот не ги плати трошоците од ставот (1) на овој член, Заводот ќе го отфрли барањето.

(3) Ако подносителот на барањето во определениот рок ги плати трошоците и таксите од ставот 1 на овој член, Заводот ќе издаде сертификат согласно Законот.

**Одбивање на барањето**

Член 13

(1) Ако се утврди дека не се исполнети барањата предвидени во членот 3 на овој правилник или доколку барањето не е поднесено од лице предвидено во членот

5 од овој правилник, Заводот, по писмен пат, го известува подносителот на барањето за причините поради кои не може да се издаде сертификат и го повикува во определен рок што не може да биде подолг од 6 месеци да се изјасни за тие причини.

(2) Доколку подносителот на барањето не се изјасни во определениот рок, Заводот ќе го одбие барањето.

**Траење на сертификатот**

Член 14

(1) Сертификатот од членот 66 став 1 од Законот, важи од истекот на законскиот период на траење на основниот патент, за период еднаков на времето што поминало од датумот на поднесување на пријавата за основен патент и датумот на добиеното одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија намален за пет години.

**Влегување во сила**

Член 15

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

23 декември 2004 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ**

Пополнува Заводот

| | |
|---|---|
| *Дата на поднесување* | |
| *Деловоден број* | |
| *Број на барањето* | _____________ |

## БАРАЊЕ
**за издавање на дополнителен сертификат за заштита на производите за заштита на растенија**

*(да се пополни со машина за пишување)*

**1. Адреса за кореспонденција:**

*Тел.:* *Факс:* *e-mail:*

**2. Податоци за подносителот на барањето** *(презиме, име и адреси за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице):*

☐ Постојат повеќе подносители

☐ Изјава за заеднички претставник

**3. Застапник:**

*Регистарски број:*

**4. Назив на производот за кој се бара издавање на сертификат** *(активна супстанција или компонента, структурна формула, хемиско име и/или генеричко име):*

**5. Податоци за основниот патент:**

- Назив на пронајдокот

| Регистарски број на патентот и број на пријавата | Датум на признавање | Датум на престанок на важноста |
|---|---|---|
| | | |

**6. Одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија:**

Број _______________ Датум _______________

**7. Податоци за првото одобрение за ставање во промет на производот**

| Држава | Број на одобрение | Датум на издавање |
|---|---|---|
| | | |

об. ДЗИС П-7

1

**9. Прилози кои барањето:**

- ☐ одобрение за ставање во промет во Република Македонија
- ☐ заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет
- ☐ превод на објавата на првото одобрение на македонски јазик
- ☐ полномошно на застапникот
- ☐ изјава за заеднички претставник
- ☐ доказ за платена такса за барањето

Потпис и печат

**2**

Потпис и печат
на Заводот

---

**1785.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

## О Д Л У К А

1. Се укинува Одлуката за донесување измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје" Струга бр. 07-653/12 донесена од Советот на општина Струга на 26 април 2004 година ("Службен гласник на општина Струга" бр. 35/2004).

2. Се става надвор од сила Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.97/2004 од 27 октомври 2004 година, по иницијатива на Никола Стефановски од Струга, поведе постапка за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука поради тоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со член 9, став 2 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

5. Судот на седницата утврди дека според член 1 од оспорениот акт, со оваа одлука се донесува измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје" - Струга.

Според членот 2, Деталниот урбанистички план содржи: графички дел, текстуален дел, стручна ревизија, одговор на стручна ревизија и извештај од стручна консултација.

Согласно член 3, извештајот од стручната консултација е составен дел на Одлуката.

Членот 4 уредува дека Деталниот урбанистички план за "Крајбрежје" - Струга ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски ПЕ - Струга.

Според член 5, Деталниот урбанистички план за "Крајбрежје" - Струга, се заверува со печат и потпис од градоначалникот на општина Струга, со назначување на бројот и датумот на седницата на која е донесен.

Согласно член 6, Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струга".

Врз основа на приложената документација што претходела на донесувањето на оспорениот акт, судот констатира дека постапката за донесување на оспорениот акт е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6. Со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/1977, 8/1980, 51/1988, 10/1990 и 62/1993), Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро - нивните води, крајбрежја, извори и водотеци се прогласени за споменици на природата од особено значење за заедницата и се ставени под посебна заштита.

За заштита на езерата како добра од општ интерес кои се користат за задоволување на општи и поединечни потреби, Законот предвидел низа превентивни и други мерки.

Членот 9 од овој закон кој што е во делот што предвидува мерки за заштита, е утврдено дека градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата можат да се изведуваат само под услови и на начин утврдени со просторните планови на регионите, просторните планови на општините Охрид, Струга, Ресен и Гевгелија, урбанистичките планови на населените места и урбанистичките планови на подрачјата со специјална намена, како и со прописите за спроведување на овие планови.

Според ставот 2 на овој член од Законот, плановите од став 1 на овој член се донесуваат по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Од наведената законска одредба произлегува дека при донесувањето на урбанистичките планови кои предвидуваат градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата, а кои се под посебна заштита, мора претходно да се прибави мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Со оглед на тоа што при донесувањето на Одлуката за донесување измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје" Струга, не е ниту побарана ни добиена согласност од органот надлежен за заштита на природните реткости, судот оцени дека оспорениот акт не е во согласност со членот 9 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

7. Врз основа на изнесеното, судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука судот ја донесе во состав од претседателот на судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.97/2004
15 декември 2004 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова**, с.р.

---

## О Б Ј А В А

Врз основа на член 11, став 2 од Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002 и 44/2002), министерот за финансии

## О Б Ј А В У В А

1. Личното ослободување утврдено во член 10 став 1 точка 3) од Законот, за 2005 година на годишно ниво, изнесува 34.560 денари.

2. Личното ослободување по основ на лични примања од плата од работен однос и пензија, месечно се утврдува во износ од 2.880 денари, согласно со член 15-а став 3 од Законот.

Бр. 08-32405/1
24 декември 2004 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТЕКСТОВИ И ОГЛАСИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ“

I

Објавувањето на судските огласи, запишувањето во трговскиот регистар, стечајните постапки, ликвидациите, запишувањето во регистарот на здруженија на граѓани и фондации, сите огласи согласно Законот за трговските друштва, нотарските и останатите огласи, конкурсите како и неважечките документи и јавните набавки, **се доставуваат по пошта или лично на адреса** ЈП Службен весник на РМ, ц.о. Скопје, бул. „Партизански одреди“ бр. 29.

Со пропратно писмо **се приложува оригинален текст** за објавување во два примерока, **а пожелно е истиот текст да се достави и на дискета** поради побрзо подготвување за печатење.

Материјалите треба да се достават **најдоцна 7 дена пред објавувањето, а објавени ќе бидат оние текстови кои се платени**. Текстовите се објавуваат по правило во првиот нареден број после евидентирањето на уплатата.

Информации за објавување можат да се добијат на телефоните (02) 3298-860; 3298-769 и телефакс (02) 3112-267.

II

Во огласниот дел на Службен весник на РМ се огласуваат изгубени неважечки документи утврдени со закон, меѓу кои:

- пасоши 250 денари,
- лични карти 200 денари,
- чекови од тековни сметки, чековни картички, денарски и девизни штедни книшки, работни книшки, воени книшки, свидетелства, ученички книшки, индекси, дипломи 125 денари,
- даночни картички 250 денари.

**Огласите за изгубени документи ќе бидат објавени ако биде доставен доказ (копие од уплатница) за извршената уплата на жиро-сметката на ЈП Службен весник на РМ со читливо напишани податоци за странката (име и презиме, улица, број и место на живеење) и назнака на документот што се огласува, а за лична карта и пасош и регистарски број на исправата (што странките го добиваат во МВР).**

**Граѓаните од Скопје уплатата можат да ја извршат и во просториите на ЈП Службен весник на РМ.**

**Огласите кои не се со целосен и јасен текст нема да се објавуваат, а претпријатието не ја сноси одговорноста за необјавувањето.**

Жиро-сметката на ЈП Службен весник на РМ: 300000000188798.

Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.

Адреса: ЈП Службен весник на РМ, ц.о. Скопје, бул. „Партизански одреди“ бр. 29.

Дополнителни објаснувања можат да се добијат на телефоните (02) 3298-860; 3298-769 и телефакс (02) 3112-267.

# НОВОГОДИШЕН ПОПУСТ

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ПО НАМАЛЕНИ ЦЕНИ ВИ ГИ НУДИ ИЗДАНИЈАТА:

| Р.бр | Нови изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење енергетска дејност)* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* *( Во подготовка).* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 800.00 |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004* | 200.00 |
| 5 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 5200.00 |
| 6 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 1500.00 |

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 7 | **Кривичен законик** од *Д-р Владо Камбовски (со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)* **- плус Додаток со измените и дополнувањата на КЗ од 2003 и 2004** | 600.00 |
| 8 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2000* | 150.00 |
| 9 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)* | |
| | на македонски јазик (мек повез) | 300.00 |
| | на англиски јазик (мек повез) | 400.00 |
| 10 | **Закон за спречување на перење пари,** со конвенција, *Д-р Ј. Проевски, 2002* | 200.00 |
| 11 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 12 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на изборното право** (со коментар и објаснување) *Т. Вељаноски, В. Анѓелевски, 2002* | 200.00 |
| 14 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 15 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 16 | **Закон за прекршоците** (со објаснувања, коментари, судска практика, со прилози) *Д-р Ј. Проевски, М. Кршкоски, 1998* | 350.00 |

## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ____________________________________________

**Место:** __________ **ул.** ____________________ **бр.** ______**, тел/факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________**,** _______**200**__ **година. (М.П.)** ____________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.